# ЈКП "ГАЗИ БАБА-2007"

ул. Јужноморавски бригади бр. 9  1000 Скопје
Жиро с-ка: 300000002563358
Деп: Комерцијална банка А.Д. СКопје
Даночен бр.: 4030007001674

e-mail: gbjkp2007@t-home.mk
Тел.: +389 2 322 48 01


Јавно комунално претпријатие
ГАЗИ БАБА-2007
Бр. 01-86/2
27.04 2023 год.
СКОПЈЕ

ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
ГАЗИ БАБА-2007 СКОПЈЕ

# П Р А В И Л Н И К

за Внатрешна организација на ЈКП ГАЗИ БАБА-2007 Скопје

Скопје 27.04.2023 година

# ЈКП "ГАЗИ БАБА-2007"

ул. Јужноморавски бригади бр. 9 1000 Скопје
Жиро с-ка: 300000002563358
Деп: Комерцијална банка А.Д. СКопје
Даночен бр.: 4030007001674

e-mail: gbjkp2007@t-home.mk
Тел.: +389 2 322 48 01

Врз основа член 19 став 2 точка 8 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ" бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09 и 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14 и 25/15), член 17 став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ" бр. 27/14), член 1 до 10 од Правилникот за содржината и начинот на подготовка на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, Директорот на ЈКП ГАЗИ БАБА-2007 Скопје на ден 27.04.2023 година донесе

## П Р А В И Л Н И К
**За внатрешна организација на**
ЈКП ГАЗИ БАБА -2007 СКОПЈЕ

## I.ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат внатрешната организација на Јавното Комунално Претпријатие ГАЗИ БАБА-2007–Скопје (во натамошниот текст: претпријатието), видовите и бројот на сектори/служби, нивниот делокруг, одговорност и мегусебни односи, начините и формите на раководење во претпријатието, како и графички приказ на внатрешната организација на претпријатието (органограм).

**Член 2**

Внатрешната организација на претпријатието е уредена согласно надлежностите утврдени со Законот за јавните претпреијатија, Статутот на јавното претпријатие и другите прописи .

Работите и задачите се групираат според видот, обемот и сложеноста, нивната меѓусебна поврзаност и другите карактеристики на работите и работните задачи, видот и степенот на стручната подготовка и другите услови потребни за нивното извршување.

**Член 3**

Со внатрешната организација на претпријатието се обезбедува законито, стручно, ефикасно и економично вршење на работите и задачите утврдени со закон, други прописи и акти, насоченост кон корисниците на услугите, независност и одговорност при вршењето на службените задачи, еднообразност и хиерархиска поставеност.

## 2. ВИД И БРОЈ НА ОРГАНИЗАЦИСКИ ЕДИНИЦИ

**Член 4**

Внатрешната организација овозможува вршење на сите работи од дејноста на претпријатието во неговите делови и во целина.

Дејноста на претпријатието се врши во следните служби:
1. Административна служба
2. Стручна служба

## 3. ДЕЛОКРУГ НА РАБОТА НА ОРГАНИЗАЦИСКИ ЕДИНИЦИ

**Член 5**

**1. Административна служба**

Со оваа служба раководи Раководител на административна служба
Административната служба ги опфака следните активности: сите нормативно-правни, стручно-административни работи, кадровски, финансиски и други работи, вршење на работи од областа на јавните набавки, обезбедува подготовка и имплементација на деловната стратегија на претпријатието, стратегија за развој на човечките ресурси, извршување на вообичаени активности поврзани со службеничките односи како што се вработувањето, учењето и развојот, наградувањето и работните односи како и работи врзани со заштита и безбедност при работа.

Во оваа служба се вршат работи поврзани со подготовката на општите и поединечните акти од надлежност на Претпријатието; подготовката и организацијата на седниците на Управниот одбор на Претпријатието и на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиско работење (во натамошниот текст: „Надзорен одбор"); спроведување на јавните набавки согласно Закон за јавните набавки; управување со човечките ресурси во Претпријатието; работи поврзани со материјално-финансиско работење на Претпријатието според меѓународните финансиски стандарди за јавниот сектор; планирање на финансиското работење на Претпријатието; подготовка на годишниот извештај на Претпријатието; подготовка на финансиски и статистички анализи и извештаи.

ул. Јужноморавски бригади бр. 9 1000 Скопје
Жиро с-ка: 300000002563358
Деп: Комерцијална банка А.Д. СКопје
Даночен бр.: 4030007001674
e-mail: gbjkp2007@t-home.mk
Тел.: +389 2 322 48 01

**Член 6**

**2.Стручна служба**

Со оваа служба раководи Раководител на стручна служба.

Во стручната служба е опфатено снабдувањето со вода за пиење на територијата на Општина Гази Баба односно руралниот дел на Општината, односно врши работи за континуирано и квалитетно снабдување со вода за пиење во населените места, изведување на нови приклучоци, одржување на јавната хигиена и зеленилото на јавните површини на територијата на Општина Гази Баба, чистење и одржување на јавните прометни површини, тековно одржување и реконструкција на урбана опрема на Општината.Се грижи за изградбата и одржувањето на јавното осветлување, ги следи и анализира состојбите во областа на реконструкција и одржување на јавно осветлување, врши планирање на уредувањето и организирањето на јавното осветлување врши увид на терен по предмети од делокругот на своето работење учествува при вршење надзор и контрола над изведувањето на работите на јавното осветлување

Во оваа служба постојат:

**2.1 Одделение за јавна (услужна) хигиена**

Одделението за јавна хигиена ги опфаќа следните активности:

- Одржувањето на јавната хигиена
- Чистење ( метење и миење ) на јавните површини и отворени простори на јавни објеки
- Собирање на сметот
- Чистење снег во зимски услови
- Одржување на јавното зеленило
- Уредување на паркови, јавни зелени површини,дрвореди,тревници, зеленилотоо покрај собраќајниците, зелените површини на стабени згради, јавни установи ( здравствени, воспитни, едукативни, итн ), површини за рекреација, игралишта, излетнички места, шеталишта.
- Одгледување и обновување на зеленилоо, заштита на зеленилото од оштетување , болести и штетници
- Косење на озеленетите површини , чистење на озеленетите површини
- Одржување на уредите, инсталациите и урбаната опрема што се наоѓа на зелените површини и нивна заштита од оштетување, одржување и чистење на патеките на озеленетите површини.

**2.2 Одделение за водоводна мрежа и приклучоци**

Одделението за водоводна мрежа и приклучоци ги врши следните активности:

- се грижи за нормално функционирање на целокупната водоводна мрежа преку нејзино редовно одржување;
- ги одржува сите приклучоци на корисниците на вода;
- ги одржува сите водомери;
- предлага мерки за подобрување на водоснабдувањето;
- изведува водоводни приклучоци;
- се грижи за намалување на загубите на вода;
- изготвување на технички решенија за подобрување на водоснабдувањето;

**2.3 Одделение за јавно осветлување**

Одделението за јавно осветлување ги врши следните активности:

- се грижи за изградбата и одржувањето на јавното осветлување,
- ги следи и анализира состојбите во областа на реконструкција и одржување на јавно осветлување,
- врши планирање на уредувањето и организирањето на јавното осветлување
- врши увид на терен по предмети од делокругот на своето работење
- учествува при вршење надзор и контрола над изведувањето на работите на јавното осветлување

**НАЧИН НА РАБОТА**

**Член 7**

Со претпријатието раководи Директорот на претпријатието.

Со службите раководат раководители на служби, а со одделенијата раководат раководители на одделенија.

Во случај на отсуство или спреченост на раководителите, нив ги заменува друг овластен работник од организациската единица.

**Член 8**

Составен дел на овој Правилник е графичкиот приказ на организационата поставеност на претпријатието (органограм).

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 9**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добивањето на согласност од Министерството за информатичко општество и администарција.

Со влегување во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за внатрешна организација 01-36/1 од 09.03.2016 година.

Скопје 27.04.2023

Директор:
Игор Атанасовски

Комунално претпријатие ГАЗИ БАБА-2007 Скопје

# ЈКП "ГАЗИ БАБА-2007"

ул. Јужноморавски бригади бр. 9  1000 Скопје
Жиро с-ка: 300000002563358
Деп: Комерцијална банка А.Д. СКопје
Даночен бр.: 4030007001674

e-mail: gbjkp2007@t-home.mk
Тел.: +389 2 322 48 01


**Директор**

**АДМИНИСТРАТИВНА СЛУЖБА**

**СТРУЧНА СЛУЖБА**

- **Одделение за јавна (услужна) хигиена**
- **Одделение за водоводна мрежа и приклучоци**
- **Одделение за јавно осветлување**